***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 21.12.2023 година***

Седницата се одржа во кабинетот на градоначалникот на општина Демир Хисар со почеток во 14.30 [00] часот.

На седницата присуствуваа 6 (шест) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Валентин Несторовски и Даниела Давидевска, присутни во кабинетот и советниците Марина Димитријовска и Сандра Пејковска со употреба на комуникациски средстваи, а отсутни беа советниците Магдалена Вељановска, Јордан Кромидаровски, Сашо Михајловски, Филип Ангелевски и Јасмина Јовановска. На седницата присутни претставници од општинската администрација беа Марина Поповска и Александра Трајковска. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

***ДНЕВЕН РЕД***

1. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.
2. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство од шест советници, исполнети се условите за работа на Советот, а потоа образложи иако во 11.30 часот веќе се оддржа вонредна седница, но на барање на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар е свикана повторно во исти ден вонредна седница, бидејќи во програмата за основно образование нема доволно средства да исплатат регрес за годишен одмор. Претставникот Марина Поповска објасни на во програмата за основно образование недостасуваат средства за исплата на персоналниот данок, бидејќи нема доволно план на оваа ставка, затоа се предлага од ставката 421220 дрва да се намали 15.000 и овие средства да се префрлат на ставка 401320 персонален данок од други надоместоци. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. Едногласно со 6 „за” беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Образложението за одлуката беше исто со образложението за потребата од свикување на вонредна седница. Советниците немаа забелешка. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од вонредената седница. Едногласно со 6 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Предлози и прашања***

По оваа точка немаше дискусија. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-88/4
24.01.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.